АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

06.07.2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 3159 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга
3. **Датум на извршување на надзорот:** 6 јули 2018 година
4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*
5. **Претходно изречена мерка:** /
6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга во 2017 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал три лица, од кои како новинар со висока стручна спрема било ангажирано само едно лице. Поради тоа, на 08.05.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2332/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   На 06.07.2018 година, ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга достави до Агенцијата три договори за деловна соработка, склучени помеѓу радиодифузерот и три физички лица. Од доставената документација е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно три лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***